# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“, ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



за период од 2022 до 2024 година

учебна 2022/23 и 2023/24 година

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР – СКОПЈЕ |
| Адреса | Ул.1737 бр.1 Центар Скопје |
| Телефон, е-пошта | 02/3 164 357 02/3 213 799<br>ou-svetikirilimetodij-centar@schools.mk;<br>oousvkirilimetodij@centar.gov.mk;<br>oukimsk@yahoo.com; |
| Период на подготовка на СЕУ | мај-јули 2024 |
| Број на ученици во училиштето | 381 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Соња Кирковска |
| Потпис | |
| Датум | јули 2024 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Сашо Јанев |
| Потпис | |
| Датум | јули 2024 |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Индикатори за подрачјето: | |
|---|---|
| 1.1 | Планирања на наставниците |
| 1.2 | Наставен процес |
| 1.3 | Искуства на учениците од учењето |
| 1.4 | Оценувањето како дел од наставата |
| 1.5 | Воннаставни активности и натпревари |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ Свети Кирил и Методиј - Центар**
**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Документи**<br>Наставни планови и програми донесени од МОН/БРО<br>Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование<br>https://mon.gov.mk/stored/document/standardi-USVOENI.pdf<br><br>**Извори на податоци**<br>➢ Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците;<br>➢ списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки;<br>➢ записници и списоци од состаноци на стручни активи;<br>➢ анкети со наставници;<br>➢ интервјуа со директорот, стручните соработници;<br>➢ извештаи од стручни соработници за следни планирања. | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Наставниците и стручните соработници се вклучени во сите обуки за планирање на програмата за наставните предмети.<br>Во училиштето има пропишани процедури за следење на планирањата на наставниците од страна на директорот и стручните соработници, како и давање поддршка за подобрување.<br>Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и стручните соработници.<br>Сите наставници имаат подготвени годишни, тематски планирања за редовната, додатната и дополнителната настава и подготовки/сценарија за наставен час, како и воннаставни активности, кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот.<br>Планирањата на наставниците содржат јасни насоки што се очекува да научат учениците (кои се очекуваните исходи од учењето), како и кога.<br>Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценувањето се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.<br>Активностите, се така планирани за ефективно да се користи времето и на наставниците и на учениците. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети. Наставниците во своите годишни програми ги планираат активностите кои ќе ги реализираат во текот на наставната година. Стручната служба ги следи нивните планирања два пати во секое полугодие. Наставниците се следени од директорот, психолошко- педагошката служба најмалку два пати во полугодие , од страна на советници од БРО и од страна на ДПИ. Поддршката од директорот и стручната служба е преку насочување, следење, анализирање, активирање и мотивирање на работата на вработените, поттикнување за професионален развој, поддршка со создавање подобри услови за работа преку снабдување на наставни средства и помагала, стручна литература, интерни и екстерни стручни усовршувања — семинари и обуки и снабдување дополнителни материјали за ефективна и ефикасна настава. |

| |
|---|
| **Документи**<br>- Наставни планови и програми донесени од БРО<br>- Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование<br><br>**Извори на податоци**<br><br>- Програма за работа на директор и стручни соработници;<br>- Процедура за следење на квалитетот на планирањата на наставниците и наставниот процес;<br>- Извештај од направените увиди на стручните соработници;<br>- Извештаи од посетени обуки и извештаи од извршена дисеминација;<br>- Годишни планирања на наставниците;<br>- Дневни подготовки на наставниците;<br>- Извештај од увидот и евалуацијата на планирањата и подготовките на наставниците за настава;<br>- Извештај од увидот и евалуацијата на дневните подготовки;<br>- Записници и извештаи на стручни активи;<br>- електронска комуникација (социјални мрежи) за споделување искуства;<br>Прашалник за наставници, увид и анализа (прашање 1.1, 1.2, 1.3); |

| Индикатор 1.2 Наставен процес | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Документи**<br>• Концепција за основно образование (МОН/БРО, 2020)<br>• Концепција за инклузивно образование (БРО, 2020)<br>• Водич за слободните изборни предмети во основното образование (БРО, 2021)<br>• Водич за работа на Училишниот инклузивен тим (БРО, 2018)<br>• Водич за слободни изборни предмети (БРО, 2021)<br>• Упатството за | Реализација на наставни планови и програми | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН и БРО.<br>Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се одвива редовно, односно Наставните планови и програми во целост се реализираат во пропишаниот обем (најголем дел од родителите потврдуваат дека нивното дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот, во текот на учебната година). Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.<br>Секој наставник од нашето училиште реализира годишна програма за работа, тематско и дневно планирање/сценарио. Содржините во сите наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието.<br>Во наставните содржини вклучени се сите точки на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br>Училиштето дава поддршка на наставниците за поуспешно реализирање на НПП, преку посетување на семинари и обуки. |
| | Избор на наставни предмети(слободни изборни предмети) | Училиштето ги нуди сите изборни / слободни изборни активности и предмети, предвидени со НПП од БРО и Водичот за слободни изборни предмети во основното образование од БРО. |

| | | |
|---|---|---|
| организирање заеднички наставни часови (МЦГО, 2021)<br>**Извори на податоци**<br>➢ Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови;<br>➢ е-дневник;<br>➢ педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки;<br>➢ записници од состаноци на стручни активи;<br>анкети со наставници,<br>➢ ученици, родители;<br>➢ дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители;<br>➢ интервјуа со директорот, стручните соработници;<br>➢ извештаи од посети на наставни часови;<br>➢ решенија за инклузивен тим на училиштето;<br>➢ изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби;<br>➢ записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик;<br>➢ извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ); | | Постапката за избор на слободни изборни наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и интересите на учениците (голем дел од родителите потврдуваат дека изборните предмети / активности кои ги посетува, нивното дете ги има избрано согласно своите интереси). |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Активностите се со различно ниво на сложеност, а изборот на задачите е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците (најголем дел од наставниците задачите и активностите на часовите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а ова го препознаваат и најголем дел од родителите и според нив наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на нивните деца).<br>Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, неограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и дополнителна прирачна литература (сите наставници користат различни ресурси за учење и настава; голем дел од учениците истакнале дека на часовите користат различни материјали и извори за учење; голем дел од родителите мислат дека нивното дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење – енциклопедии, модели, списанија, интернет и сл.).<br>Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. (најголем дел од учениците потврдуваат дека на часовите имаат можност да учат на различни начини – преку проекти, преку истражување, преку игра и сл.).<br>За учениците со ПОП се користат методи и техники, според нивните потреби. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира заемно прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба (сите наставници кон учениците се однесуваат со почитување и најголем дел од наставниците ги разбираат проблемите и потребите на учениците).<br>Наставниците обезбедуваат еднакви можности за вклучување на учениците, имајки ги во предвид нивните способности, пол, социјалното потекло, етничката и религиската припадност, и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови (голем дел од учениците потврдуваат дека на најголем број од часовите сите ученици се активно вклучени во наставата – дискутираат, поставуваат прашања и работат во групи).<br>Дополнително, наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди во однос на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелектуална попреченост итн.<br>На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците, преку која наставниците ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на учениците во секоја фаза на учењето. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција;<br>➢ материјали од постапката за<br>➢ определување изборни/слободни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети. | | На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците (најголем дел од наставниците на своите часови работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу учениците).<br>Различните интерактивни методи подразбираат активно вклучување на учениците во процесот на наставата, при што се промовираат различни начини за учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Голем дел од учениците сметаат дека можат слободно да кажат што мислат за време на часовите и најголем дел од родителите сметаат дека нивното дете слободно може да се изрази за време на часовите. Сето ова допринесува учениците да се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето. |
| | Реализација на образовна инклузија | Училишниот инклузивен тим и Инклузивниот тим на ученикот се формирани со Одлука/Решение на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП-<br>индивидуален образовен план или МНП- модифицирана наставна програма по сите наставни предмети, согласно законската регулатива.<br>Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава / воннаставни активности според ИОП и/или МНП. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар,ОУРЦ,,Иднина“ , за поддршка на учениците во развојот според нивните способности и можности. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Наставниците изготвуваат долгорочни, среднорочни и краткорочни (имплеменирани во дневните подготовки) планирања/сценарија и програми според потребите на учениците.<br>Делот за влез во училиштето и холот е приспособен за учениците со телесни потешкотии, но поголем дел од просторот во ходниците на катовите, во училниците и тоалетите не се приспособени за нивните потреби. За потребите на учениците со ПОП во училиштето има делумно опремена сензорна соба.<br>Наставниците ги оценуваат постигнувањата на учениците со попреченост во согласност со наведените цели во ИОП или МНП, во соработка со инклузивниот тим на ученикот.<br>Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности, согласно нивните интереси.<br>Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се поднесува барање за соодветна поддршка од ОУРЦ ,,Иднина’’ или од Општина Центар преку Проектот ,,Образование за сите“. Наставниот кадар успешно соработува со образовните / личните асистенти со цел најдобар интерес на ученикот.<br>Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Училишниот тим одговорен за реализација на активностите од проектот МИО го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО и за тоа подготвува полугодишни и годишни извештаи. Редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН, а |

| | | |
|---|---|---|
| | | примерок од пополнетиот прашалник се архивира во портфолиото за МИО. Нашето училиште и партнер училиштето ,,Лирија” од Скопје реализираат низа заеднички активности, онлајн активности и активности со физичко присуство во двете училишта. Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието, како и активности преку кои се унапредува мултикултурализмот/интеркултурализмот. Училиштето континуирано добива грант, заедно со партнер училиштето ООУ „Лирија“, за унапредување на мултикултурализмот. |

- Прашалник за ученици, увид и анализа (прашање 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5);
- Прашалник за родители, увид и анализа (прашање 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5. 1.10);
- Прашалник за наставници, увид и анализа (прашање 1.5, 1.6, 1.7, 1,8, 1.9, 1.10, 1.11, 1.12, 1.13, 1.14);
- Дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители;
- Интервјуа со директорот, стручните соработници;
- Дневни подготовки на наставниците;
- Извештај од увид и евалуација на посетени часови;
- Извештаи од учество во проекти, во и надвор од наставата (Еко проекти, Црвен крст, медиумски презентирања итн.)
- Програма и извештаи за работа на Училишниот тим за инклузија;
- Извештај од увид во ИОП;
- Решенија за инклузивен тим на училиштето;
- Изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби;
- Записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик;
- Изготвен Акциски план за соработка со ОУРЦ,, Иднина’’ имплементиран во нивната годишна програма;
- Извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ).
- Интервју со координаторот на тимот за меѓуетничка интеграција во образованиоето

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Анкета со учениците, родителите и наставниците;<br>➢ разговори во фокус групи со<br>ученици, родители и наставници;<br>➢ разговор со стручна служба;<br>➢ увид во ученичките досиеја;<br>увид во евиденцијата на стручните соработници. | Средина и атмосфера за учење | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење (најголем дел од родителите училиштето го чувствуваат како безбедна и мотивирачка средина за нивното дете).<br>Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето), почитувајќи естетски норми и истите редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење (голем дел од родителите сметаат дека нивното дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење). Најголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат се поврзани со секојдневието и ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. Во оваа насока, сите наставници во наставата користат приоди кои поттикнуваат решавање проблеми. Поголемиот дел од учениците сметаат дека, за време на часот, наставниците ги охрабруваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Дополнително, сите наставници ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.<br>Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот (сите наставници редовно ги пофалуваат учениците за вложениот труд и постигнатите резултати; најголем дел од учениците сметаат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд и нивните резултати; најголем дел од родителите сметаат дека наставниците го пофалуваат нивното дете за вложениот труд и за постигнатите резултати) и не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците, односно користат разновидни форми на работа кои придонесуваат учениците активно да учествуваат во активностите за време на часот. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Во процесот на учење наставниците преземаат активности за задоволување на потребите на учениците и отстранување на потешкотиите при учењето. Имено, најголем дел од наставниците задачите и активностите на часовите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците (ова го препознаваат и најголем дел од родителите / и според нив наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на нивните деца). Дополнително, во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи или активности по свој избор, во согласност со нивните потреби и можности. Најголем дел од наставниците во процесите на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби и различни стилови на учење да научат најмногу што можат и да |

| | | |
|---|---|---|
| | | ги постигнат<br>планираните цели. |

Извори на податоци

- Прашалник за ученици, увид и анализа (прашање 1.4, 1.13, 1.14, 1.15, 1.16);
- Прашалник за родители, увид и анализа (прашање 1.4, 1.5, 1.6, 1.8, 1.9, 1.10, 1.11, 1.12, 1.13);
- Прашалник за наставници, увид и анализа (прашање 1.5, 1.7, 1.8, 1.12, 1.15, 1.16, 1.17, 1.18, 1.19);
- Изложени трудови;
- Ученички катчиња во училницата (ликовно катче);
- Процедура за идентификување и следење на учениците со потешкотии во учењето, емоционални потешкотии и посебни потреби;
- Извештај од извршен увид во ИОП/МНП за децата со ПОП;
- Дневник за работа на стручните соработници;
- Извештај од увид во дневни подготовки за додатна и дополнителна настава;
- Ученички досиеја;
- Извештај од увидот и евалуацијата на планирањата и подготовките на наставниците за настава;

| Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Документи**<br>Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование (БРО, 2021)<br>Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта (МОН, 2019 и 2020- дополнување)<br>Критериуми за оценување на постигањата на учениците (БРО)<br>**Извори на податоци**<br>➢Програма за работа на училиштето;<br>➢распоред за додатна и дополнителна настава;<br>➢списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;<br>➢правилник за оценување и напредување на учениците;<br>➢интерен правилник за оценување;<br>увид во педагошката евиденција и документација;<br>➢инструменти за оценување;<br>➢примери на оценети ученички трудови;<br>➢записници од стручните активи, наставнички совет;<br>➢анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите; инструменти за индивидуализирани начини на проверка | Училишна политика за оценување | Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има и применува дефинирана политика за оценувањето, вклучувајќи етички кодекс за оценување и законска можност во форма на Приговор по добиени оценки. Основна цел е да се поддржи учењето на секој ученик. Наставниците ги применуваат критериумите и стандардите за оценување и со нив учениците и родителите се целосно запознаени (сите наставници ги запознаваат учениците со тоа што треба да знаат и умеат за секоја од оценките; голем дел од родителите се запознаени од страна на наставниците со критериумите за оценување по нивните предмети). Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците (сите наставници им кажуваат на учениците што научиле добро, а што треба дополнително да научат, за да ги постигнат сопствените очекувања; најголем дел од родителите истакнуваат дека наставниците им даваат насоки на нивните деца, како подобро да учат). |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат различни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците (сите наставници применуваат различни начини на оценување на учениците; најголем дел од учениците истакнале дека наставниците користат различни начини за проверка на нивните знаења – усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, водење портфолија и сл. (сите наставници/ редовно ги вклучуваат учениците во оценувањето). Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. Наставникот ги оценува постигањата на учениците со посебни образовни потреби според изготвениот ИОП или МНП. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е во континуитет, со благо опаѓање од 0,15 |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата (сите наставници им кажуваат на учениците што научиле добро, а што треба дополнително да научат, за да се подобрат; најголем дел од родителите истакнуваат дека наставниците им даваат насоки на нивните деца, како подобро да учат). Голем акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и идентификувањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Имено, информациите добиени од оценувањето, наставниците ги користат за да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставата (одржуваат часови за повторување, часови за вежби, дополнителни часови, индивидуална работа и др). |

Документи

- Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование (БРО, 2021)
- Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта (МОН, 2019 и 2020-дополнување)
- Критериуми за оценување на постигањата на учениците (БРО) Извори на податоци
- Програма за работа на училиштето;
- Планирања на наставниците;
- Упатство за оценување;
- Етички кодекс за оценување;
- Стандарди за оценување;
- Критериуми за оценување;
- е - дневник на паралелката (записник од првата родителска средба);
- Извештај од увидот и евалуацијата на планирањата и подготовките на наставниците за настава;
- Наставнички портфолија (со примери на ученички оценети трудови со инструменти за индивидуализирани начини на проверка – самооценување, меѓусебно оценување);
- користените инструменти за оценување;
- Изготвен ИОП/МНП;
- Евидентен лист за постигнатиот успех на ученикот; Распоред за додатна и дополнителна настава;
- Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;
- Записници од стручните активи;
- Прашалник за ученици, увид и анализа (прашање 1.8, 1.9, 1.10 1.11, 1.12);
- Прашалник за родители, увид и анализа (прашање 1.13, 1.14, 1.15, 1.16, 2.4, 2.5);
- Прашалник за наставници, увид и анализа (прашање 1.17, 1.18, 1.19, 1.20, 1.21);

| Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Документи**<br>• Концепција за воннаставни активности во основното образование (БРО, 2020)<br>• Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на<br>• учениците по одделни предмети на<br>• општинско, регионално и државно ниво во основното образование (МОН, 2019 и 2020- дополнување)<br><br>**Извори на податоци**<br>➢ Годишна програма за работа;<br>➢ програми за воннаставни активности;<br>➢ извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација<br>➢ дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и атпревари;<br>➢ интервјуа/анкети со наставници,<br>родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности;<br>➢ записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>➢ список на ученици вклучени во воннаставни активности; | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Во училиштето се планираат и реализираат воннаставни активности кои имаат мошне широка содржина, како и различни форми за вклучување на учениците (голем дел од учениците сметаат дека во училиштето има избор на различни воннаставни активности; голем дел од родителите сметаат дека училиштето нуди избор на различни воннаставни активности). Воннаставните активности ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Тие вклучуваат:<br>- Слободни ученички активности;<br>- Ученички натпревари;<br>- Ученички наставни екскурзии;<br>- Спорт и рекреација;<br>- Општествено корисна и хуманитарна работа и<br>- Грижа за здравјето на учениците<br>Преку слободните ученички активности се продлабочуваат и прошируваат знаењата и се стекнуваат вештини. Дел од нив се и слободните спортски активности (кошарка, ракомет и одбојка ), хорот и др. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Според Годишната програма за работа на училиштето, на учениците им се овозможува да се вклучат во најмногу две секции. Сите ученици активно се вклучени барем во една воннаставна активност. Во воннаставните активности вклучени се ученици кои се од различен пол и различна етничка припадност, односно од сите националности кои се застапени во нашето училиште. Групите се хетерогени (мешан состав) и обезбедуваат меѓуетничка интеграција, а следствено и основи за градење соживот.<br>Учениците со ПОП се вклучени во воннаставните активности, според своите можности и интереси. Во училиштето, во рамки на воннаставните активности, со учениците од третиот образовен период, реализирани се општествено-хуманитарни активности. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето.<br>Најголем дел од учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор, низ транспарентна процедура. Голем дел од родителите смета дека личниот интерес на нивното дете има примарно значење при изборот на воннаставната активност во која тоа ќе се вклучи.<br>Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците и учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности (најголем дел од учениците потврдуваат дека наставниците ги вклучуваат во планирањето и подготвувањето на воннаставните активности; најголем дел од наставниците планот за воннаставните активности кои ги водат, го изготвуваат заедно со учениците). Преку предлозите за воннаставни активности, учениците добиваат можност да ги дополнуваат знаењата за темите кои се од нивен интерес, преку избор на содржини и активности кои се во согласност со нивните желби и афинитети. Со тоа се зголемува нивното искуство, мотивација и чувство на исполнетост. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ увид во интернет-страницата, во весниците, програмата на радиото, социјалните мрежи итн. | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво.<br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат на различни манифестации и постигнуваат високи резултати на натпревари од различни области,<br>организирани од акредитирани здруженија на општинско, регионално и државно ниво.<br>Учениците со освоените награди на натпреварите, но и на другите активности кои имаат натпреварувачки карактер, придонесуваат за афирмација на училиштето. |
| Концепција за воннаставни активности во основното образование (БРО, 2020);<br>- Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование (МОН, 2019 и 2020 - дополнување);<br>Извори на податоци<br>- Годишна програма и извештај за работа на училиштето (воннаставни активности);<br>- Годишни програми за воннаставните активности (во склоп на долгорочното планирање – секој наставник);<br>- е-дневник на паралелката (евидентирање на реализираните воннаставни активности);<br>- Извештај од реализирани екскурзии;<br>- Прашалник за ученици, увид и анализа (прашање 1.17, 1.18, 1.19);<br>- Прашалник за родители, увид и анализа (прашање 1.17, 1.18);<br>- Прашалник за наставници, увид и анализа (прашање 1.22);<br>- Извештаи од реализираните слободни активности;<br>- Списоци на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>- Записници од училишната ученичка заедница;<br>- Записници од стручните активи;<br>- Извештај за постигнати резултати на општинските, регионалните и државните натпревари;<br>- дипломи, признанија и пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>- web страницата на училиштето; | | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

**Многу добро**

Наставниците и стручните соработници во соработка со БРО редовно се обучуваат и ги унапредуват своите компентенции за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес преку примена на современи методи и техники. Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети. Наставниците, навремено и редовно ги планират и изготвуваат своите Годишни планирања според Наставниот план и програма изготвен од БРО и истите се следени од директорот, психолошко- педагошката служба најмалку два пати во полугодие , од страна на советници од БРО и од страна на ДПИ. Наставниот кадар редовно и континуирано добива поддршка од директорот и стручната служба за реализација на квалитетен и современ воспитно-образовен процес. Наставниците редовно водат педагошка евиденција и документација. Изборните / слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. При тоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби за прифаќање, поддршка, поттик, почитување, соработка и разбирање. Секој наставник согласно индивидуалните потреби на ученикот и неговите способности организира додатна и дополнителна настава. Успешно се реализираат инклузивните практики, обезбедувајќи еднакви можности за вклучување на сите ученици. Задачите и активностите на часовите се приспособени со ИОП и МНП, а по насока од МКФ. За одредени ученици се вклучуваат образовни асистенти и преку Проектот ,,Образование за сите“ од Општина Центар се ангажираат лични асистенти. Во училиштето има формирано Инклузивен тим на училиште (ИТУ) со сопствена програма по која што работи и преку која допринесува за подобрување на инклузијата, а Инклузивниот тим на ученикот(ИТУ) изработува ИОП или МНП и го следи напредокот на ученикот. Наставниот кадар секоја година изготвува годишна програма за МИО (интеграција) која успешно се реализира. Има формирано ТУИ во нашето училиште. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна, пријатна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење и за правилен социоемоционален развој на учениците. Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, кое е континуирано, дијагностичко, формативно и сумативно. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Поголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно) и при тоа даваат усна и писмена повратна информација. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Во училиштето наставниците и стручната служба водат целосна и уредна евиденција за постигањата и напредокот на учениците и истото го евидентираат во портфолијата на учениците. На учениците кои постигнуваат континуиран одличен успех и забележителнни резултати преку освојување награди на натпревари согласно Правилникот за пофалби и награди на учениците и првенец на генерација, им се доделуваат дипломи и пригодни награди од училиштето . Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои се во согласност со интересите, желбите и потребите на

учениците..Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

- Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП .
- Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за следење на квалитетот на планирањата на наставниците и реализацијата на наставата.
- Наставните планови и програми во целост се реализираат во пропишаниот обем. Училиштето им нуди на учениците избор на изборен предмет.
- Наставниците користат стратегии на поучување кои соодветствуваат на образовните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.
- Се применува диференциран пристап во наставата.
- Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата.
- Нашето училиште е мултиетничко и мултикултурно и во него се обезбедува еднаквост на сите ученици. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на стереотипи и предрасуди.
- Во училиштето работи Училишен инклузивен тим и Инклузивниот тим на ученик; Училиштето е опремено со асиситивна технологија за учениците со ПОП;
- Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието. Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.
- Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.
- Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.
- Училиштето системски ги идентификува образовните потреби на учениците и презема активности за задоволување на истите.
- Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
- Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, е во континуитет со благо опаѓање
- Училиштето планира и реализира вонаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој.

Слаби страни

- Училиштето има сензорна соба која не е доволно опремена според потребите на учениците со ПОП.

Приоритети

- Превземање на активности и иницијативи за привлекување на донации, соработка со општествено одговорни

компании и други институции, за доопремување на сензорна соба според стандарди за потребите, можностите и спообностите на учениците со ПОП.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ ООУ Свети Кирил и Методиј - Центар**
**Подрачје 2: Постигања на учениците**

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 2.1 Постигања на учениците</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Извори на податоци<br>➢ Е-дневник;<br>➢ записници од родителски состаноци;<br>➢ анализи на постигања по различни критериуми и квалификациски периоди;<br>➢ анализи на резултати од екстерни тестирања;<br>➢ анкети со ученици, наставници, родители;<br>➢ интервјуа со стручни соработници,директор;<br>➢ чек листи за идентификација на талентирани ученици;<br>➢ Процедура за талентирани ченици;<br>➢ Процедура заученици со потешотии воучењето;<br>➢ Процедура за пофалба на ученици;<br>➢ Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки;</td><td>Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди</td><td>Училиштето ги следи постигањата и поведението на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди по години и паралелки.<br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците и тие резултати се сумираат на полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети и тоа според полот и етничката припадност на учениците.<br><br>Споредба на успехот во текот на последните три години (од IV до IX одд.)<br><br><table><tr><th>Учебна година</th><th>Среден успех</th></tr><tr><td>2021 / 2022</td><td>4,57</td></tr><tr><td>2022 / 2023</td><td>4,56</td></tr><tr><td>2023 / 2024</td><td>4,41</td></tr></table><br>* Средниот успех на учениците за учебната 2022/2023 е пресметан без еден ученик од VIII 1 одделение кој е неоценет на крајот од годината, а за учебната 2023/2024 година неоценети се 2 ученика поради неоправдано отсуство од настава.<br><br>Анализата на постигнатиот општ успех на учениците во последните три години е во благ пад. При споредбата се заклучи дека не постои разлика во постигнатиот успех по националност и пол.<br><br>Учеството и постигањата на вонаставните активности континуирано се следи и евидентира.</td></tr>
<tr><td>Резултати од екстерни тестирања</td><td>Училиштето е дел од Екстерното тестирање (TIMSS - Trends in International Mathematics and Science Study) на Државниот испитен центар.<br>Во 2022/23 беше ивршено пробно тестирање по предметите математика и природни науки на 24 ученика од IV-1.<br>Во учебната 2023/24 беше извршено екстерно тестирање на 22 ученика од V-1 по предметите математика и природни науки. (резултатите од тестирањата не се објавени на ДИЦ)</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Училиштето има развиен систем и политика за идентификација и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со ПОП и континуирано го следи нивниот напредок во соработка со родителите на тие ученици.<br>Идентификување се прави при опсервацијата за време на уписот во прво одделение (прашалници во кои родителот сам укажува на проблеми со детето, мислења од Заводот за ментално здравје, мислење од Стручното тело на Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје, лекарска потврда), а доколку подоцна се воочи проблем, се разговара со наставникот, ученикот и родителот.<br>За учениците со посебни образовни потреби се формираат инклузивни тимови на ученик кои изработуваат прилагодени програми, каде се предвидени и опфатени времето на реализација на активностите, нивото на постигнување според способноста на ученикот и наставниците кои се вклучени.<br>За дел од учениците со посебни образовни потреби задолжителните и изборните предмети се реализираат со индивидуални или модифицирани образовни програми по препорака на МКФ.<br>За препознавање на надарените ученици од страна на наставниците се користи Процедурата за талентирани ученици, а секој наставник си води своја чек листа за препознавање и следење на талентираните ученици. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Родителите редовно се известени за постигањата на учениците преку евидентните листови, редовни родителски состаноци, индивидуални средби и приемни денови, а исто така и преку навремено пополнување на електронскиот дневник од страна на наставниците.<br><br>Училиштето има календар за приемни денови за секој наставник (и истиот е поставен на видно место во училиштето). Во случај на послаб успех и нередовност се вклучува стручната служба со одредени препораки. Во нашето училиште се води евиденција при изрекување на педагошки мерки кои редовно се доставуваат до родителите. Училиштето организира во зависност од потребите и вонредни родителски средби. |

<table>
<tr><th colspan="3">Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Теми по индикатори</th><th>Информации кои се собрани</th></tr>
<tr><td>Извори на податоци<br><br>➢ Записници од советувања на родители и ученици;<br>➢ распоред и списоци за дополнителна и додатна настава;<br>➢ Е-дневник;<br>➢ извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата.<br>➢ Процедура за дополнителна и додатна настава;<br>➢ Процедура за подолго отсуство на ученици;<br>➢ Процедура за ученици од социјално загрозени семејства;<br>➢ Формулар за извршени советувања на родители/старатели и ученици;<br>➢ Програма за советување на ученици во основните училишта и нивните родители/старатели</td><td>Редовност во наставата</td><td>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците според пол и етничка припадност, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности за намалување на отсуствата од настава.<br>Од досегашните извештаи на одделенските раководители во сите одделенија постојат идентификувани поединци — ученици кои се повеќе подложни на отсуство од настава поради оправдани и неоправдани отсуства. Овие евидентирани отсуства не се ниту од етничка, ниту од економска природа. Сето ова е евидентирано со изостаноци во електронскиот дневник.<br>Споредбен преглед за 2021/22, 2022/23 и 2023/24 година:<br><table><tr><th>ИЗОСТАНОЦИ</th><th>2021/2022</th><th>2022/2023</th><th>2023/2024</th></tr><tr><td>оправдани</td><td>12478</td><td>14565</td><td>15310</td></tr><tr><td>неоправдани</td><td>59</td><td>169</td><td>1017</td></tr><tr><td>вкупно</td><td>12537</td><td>14734</td><td>16327</td></tr></table>АНАЛИЗА<br>При анализа на изостаноците може да се заклучи дека неоправдани изостаноци од I-V нема, додека во предметна настава евидентно е дека неоправданите изостаноци линеарно се зголемуваат со возраста. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помал од два изостанока по ученик. Во учебната 2023/2024 година неоправданите изостаноци се кај 2 ученика кои неоправдано отсуствуваа од настава. Истите, заедно со родителите беа континуирано повикувани на советување од страна на педагошко-психолошката служба и за нив се известени и надлежните служби.<br>За подобрување на редовноста на учениците превземени се соодветни мерки.<br>Училиштето се обидува да го најде генераторот на проблемот, на што се должат изостаноците.<br>- Се врши едукација на учениците од страна на одделенските раководители за важноста на континуирано следење на наставата од страна на учениците.<br>-Постојани контакти на одделенските раководители со родителите на учениците кои отсуствувале од наставата за причините на нивното отсуство.<br>-Задолжително барање на медицинска белешка за потврдување на причините поради кое ученикот не бил во можност да ја посетува наставата.<br>- Реализација на дополнителна настава со учениците кои подолго</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | отсуствувале од наставата, за полесно совладување на материјата која ја пропуштиле.<br>Во нашето училиште се спроведува програмата за советување на родители на ученици во основните училишта. Советувањата се вршат според потребите и поканите што одделенските раководители и одделенските наставници ги доставиле до психологот на училиштето.<br>Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории, кои даваат резултати. |
| | Советување на родители/ старатели и ученици | Во училиштето континуирано се реализираат советувања за нередовно посетување на настава, намален успех во учењето и несоодветно однесување. Во текот на минатите две години се организираат индивидуални и групни советувања за ученици и родители, кои имаа за цел да дадат поддршка на социо-емоционалниот развој на учениците, напредување во воспитно-образовниот процес и унапредување на добросостојбата на учениците.<br><br>Советувањата во текот на учебната година дадоа позитивен ефект. Реализирани се повеќе советувања со ученици и наставници. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Дополнителната како и додатната настава ја реализираат наставниците според планот и програмата во соработка со родителите на учениците кои во текот на редовната настава не постигнуваат задоволувачки резултати, односно постигнуваат натпросечни резултати и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети.<br>На секое тримесечје, полугодие и крајот на годината се сумираат резултатите врз основа на кои се евидентираат постигањата на учениците.<br>Дополнителна настава се држи и за учениците кои пропуштиле одредени содржини и искуства, имаат нејаснотии во совладување на материјалот, како и за ученици кои подолго отсуствувале од наставата поради болест.<br>Врз основа на анкетите спроведени со учениците може да се согледа дека учениците и родителите се задоволни од реализацијата на дополнителната настава на која учениците имаат можност да ги дополнат своите знаења во непосреден и индивидуаилизиран контакт со наставникот. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето Многу добро**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети и за сите квалификациски периоди. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира.

Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури. Сите ученици добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (МТСП, центри за социјална работа и сл.), локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу две интегрални евалуации е помал од два по ученик.

Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето

**Силни страни**

- Родителите и учениците континуирано се известени за постигнатиот успех и според анкетите за родители/ученици добиваат добри совети за подобрување на успехот на ученикот.
- Училиштето организира специфични воннаставни активности за зголемување на свеста за меѓуетничка толеранција, културното наследство, STEM активности и примена на наученото во секојдневието.
- За 9 ученика со посебни образовни потреби се реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.
- Се реализираат советувања на родителите/старателите и учениците, се води уредна документација и анализа и се известуваат надлежните институции.
- Учениците и родителите се задоволни од реализацијата на дополнителната настава на која учениците имаат можност да ги дополнат своите знаења во непосреден и индивидуаилизиран контакт со наставникот.

**Слаби страни**

- По секој квалификациски период се прави анализа на постигањата и поведението на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети, но Наставничкиот совет не поднесува предлог до Училишниот одбор за донесување Акциски план со активности за подобрување на постигањата.

**Приоритети**

- Донесување на  Акциски план со активности за подобрување на постигањата од страна на Училишниот одбор и квартално разгледување на постигањата од Акцискиот план

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

| Индикатор 3.1 Училишна клима | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Документи<br>Правилник за изрекување педагошки мерки https://oukimcentar.edu.mk/docs/pedago shka_merka.pdf<br>Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки<br>Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основното образование (Коалиција СЕГА, 2019)<br>Извори на податоци<br>➢ Кодекс на однесување (https://oukimcentar.edu.mk/docs/ kodeks-na-dnesuvanje.pdf);<br>➢ анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците;<br>➢ педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>➢ статут на училиштето (https://oukimcentar.edu.mk/docs/ statut-mart-2019.pdf);<br>➢ куќен ред на училиштето (https://oukimcentar.edu.mk/docs/ kuken-red.pdf);<br>➢ пофалби, награди, признанија и др.; | Углед/ имиџ на училиштето | Најзначајниот сегмент на нашето училиште е 188 годишната континуирана воспитно - образовна работа која се изведува на македонски јазик. Со тоа училиштето во локалната средина е препознатливо и како најстаро училиште во нашата држава во кое со гордост ја продолжуваме просветителската дејност на Јордан Хаџи Константинов–Џинот. Училиштето промовира квалитетна работа, одлични постигнувања на учениците, дисциплина и редовност. Училиштето реализира специфични воннаставни активности по кои е препознатливо, вклученост на наставниците и учениците во проекти од Еразмус+ програмата, проекти во соработка со локалната средина, учество во разни хуманитарни акции кои имаат за цел подигнување на општествената свест за хуманост и поддршка. Сето ова придонесува за постигнување на високи образовни резултати во наставните и воннаставните активности, преку кои учениците ги промовираат своите постигнувања и успеси, не само во рамките на училиштето, туку и во пошироката локална средина. Преку веб страната на училиштето и веб страната на Општина Центар, училиштната Facebook страна, училиштниот весник КИМ, гостувања на националната и локалните телевизии, како и преку пишани медиуми, училиштето редовно ги афирмира реализираните воннаставни активности. Учествува во акции и манифестации организирани од страна на институциите во локалната заедница. |
| | Кодекс на однесување | Успешната работа на нашето училиште се темели врз почитување на Кодексот на однесување во кој се содржани принципите, правилата и обврските на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Кодексот на однесување редовно се ажурира, а во неговата изработка учествуваат претставници од сите засегнати страни. Во училиштето има пишани процедури за постапување, кои се спроведуваат во практика во случај на непочитување и прекршување на одредбите од Кодексот на однесување и има примери од спроведувањето. Најголем број од анкетираните испитаници се согласуваат дека се запознаени со училишниот кодекс и учествуваат во негово ажурирање. |
| | Училишна клима | Од спроведените анкети со наставници, ученици и родители и интервју со директорот и стручните соработници, можеме да заклучиме дека најголем број од анкетираните засегнати страни се согласуваат дека меѓу сите учесници во училишниот живот постои взаемно почитување и подеднаква вклученост во активностите во училиштето. Меѓу вработените во училиштето постои професионална соработка. Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. Од резултатите од спроведените анкети, најголем број од анкетираните се согласуваат дека во нашето училиште има: позитивна и |

| | | |
|---|---|---|
| | | поттикнувачка атмосфера, учениците се чувствуваат прифатено од соучениците и наставниците (родителите го потврдуваат истото), учениците сакаат да одат во училиште и знаат дека слободно може да им се обратат на своите наставници и педагошко- психолошката служба за помош и поддршка кога се соочуваат со проблеми и потешкотии, при што се води сметка за приватноста, довербата и достоинството на  ученикот. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Во училиштето е изработен Правилник во кој се пропишани пофалби и педагошки мерки за однесувањето на учениците. Сите ученици и родители се запознаваат со овие документи и нивната содржина на почетокот на учебната година. За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба, почитувајќи го Куќниот ред на училиштето. Работната атмосфера е присутна за време на наставата и воннаставните активности. За учениците со несоодветно однесување и оние кои не го почитуваат училишниот куќен ред, одделенскиот раководител, Одделенскиот и Наставничкиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки според Правилникот за педагошки мерки на нашето училиште. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и редовно се покануваат родителите на учениците кои го прекршуваат правилникот на советување од страна на педагошко- психолошката служба.<br>Од резултатите од спроведените анкети може да заклучиме дека најголем број од анктираните страни се согласуваат дека училиштето успешно се справува со дисциплината за време на часовите и на одморите и дека вработените одговорно се грижат за приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно со проширената програма на училиштето. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Во училиштето Ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител работат според однапред утврдена програма. Состаноците редовно се одржуваат, најмалку еднаш во месецот, а по потреба и повеќе пати. На состаноците на демократски и транспарентен начин се дискутираат прашања и се донесуваат решенија од интерес на учениците. Заклучоците од состаноците навремено и целосно им се пренесуваат на останатите ученици од страна на претставникот на Ученичкиот парламент. Најголем број од анкетираните ученици се согласуваат дека ученичката заедница учествува во активности за подобрување на работата на училиштето и  сите  анкетирани наставниците  ги  мотивираат учениците да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес. Ученичкиот парламент покренува иницијативи и учествува во спроведување на активностите за подобрување на работата во училиштето. По иницијатива на Ученичкиот парламент се реализираат повеќе активности кои се од интерес на учениците. Учениците членови на Ученичкиот парламент се покануваат и присуствуваат на состаноци на Училишен одбор, Совет на родители и Наставнички совет. |

| Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба;<br>➢ извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права;<br>➢ записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување);<br>➢ структура на паралелките;<br>➢ записници од работата на ТУИ - Тимот за училишна интеграција;<br>➢ дневник за работа на стручните соработници;<br>➢ оперативен план за наставен час;<br>➢ записници од наставнички совет;<br>критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | Познавање и почитување на правата на децата | Од спроведените анкети најголем број од анкетираните наставници и ученици и поголем број од родителите се согласуваат дека во училиштето се реализираат работилници за запознавање со правата, обврските на децата и нивно почитување, а незначителен број не се согласуваат и не знаат/немаат информација. Најголем број од анкетираните ученици се изјаснија дека знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права, а незначителен број не се согласуваат и не знаат/немаат информација. Сите ученици без разлика на полот, етничка припадност, социјално потекло и нивните способности уживаат еднакви права и сите вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици. |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето има позитивна инклузивна клима. Учениците се прифатени, како од наставниците, така и од соучениците. Инклузивниот тим во училиштето редовно одржува состаноци и го следи развојот и напредокот на учениците со посебни образовни потреби. Училиштето работи на обезбедување на здрава клима меѓу учениците и наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите, низ секојдневната редовна настава. Се води политика за промовирање на културната и верската разновидност во училиштето и пошироко. Сите ученици, без оглед на својата национална припадност, подеднакво учествуваат во наставните и вонаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини. Правата на децата се загарантирани и се почитуваат од страна на педагошко-психолошката служба, наставниците и сите вработени во училиштето. Во случај на нивно нарушување, се превземаат низа мерки најпрво во рамките на одделението, а потоа со педагошко-психолошка служба или надлежни институции за надминување на проблеми од оваа област. Училиштето ги поттикнува учениците да ги осознаваат своите права преку учество на различни предавања и работилници, на одделенските часови со реализирање содржини од животни вештини, часовите по Општество, Граѓанско образование, вонаставни активности, работилници и предавања од страна на психолошко-педагошка служба и сл. |

| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>➢ записници од советот на родители и родителски средби;<br>➢ анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници;<br>➢ анкета/интервју со претставник на локалната заедница;<br>➢ статут на училиштето;<br>➢ интернет- страница на училиштето https://oukimcentar.edu.mk/;<br>➢ договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации /институции;<br>➢ извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на локалната заедница;<br>➢ документација за добиени спонзорства и донации. | Соработка на училиштето со родителите/ старателите | Сите активности транспарентно се објавуваат на нашата официјална Фејсбук и WEB страна. Активностите се објавени и во училиштниот весник - КИМ. Во соработка со Советот на родители донесена е одлука за протокол на користење на мобилните телефони, кои на почетокот на училиштниот ден се оставаат во точно определени шкафчиња за секоја паралелка одделно и се предаваат на учениците по завршување на училиштниот ден. Доколку е потребен контакт со родител/старател во текот на училиштниот ден тој се остварува преку класните раководители или стручната служба. Со оваа одлука учениците се пофокусирани на наставата и постигнуваат поголем успех и резултати. Во соработка со родителите се организираат хуманитарни акции (Хуманитарната акција во Рамстор Мол ,,Да му помогнеме на Леонид “, хуманитарен концерт ,,За сите деца да има Сонце“), хуманитарни акции кои се спроведуваат преку Црвениот крст во текот на целата учебна година. Родителите присуствуваа на Форум организиран од страна на НВО БИОМ, СЗО , УНИЦЕФ и Групација Алтернатива за ментално здравје и психосоцијална состојба и развој кај децата и адолесцентите. Родителите присуствуваа на обуки за Детски права, интеркултурализам и почитување на различностите и родова еднаквост. Родителите се вклучени и во професионалниот развој кај учениците. Со покана на родители на предавања и отворена дискусија со учениците за нивната професија помагаат за понатамошно насочување на желбите и интересите при изборот на професија. Родителите во животот и работа на училиштето учествуваат и преку посебни тела, како Советот на родители и членување во Училишен одбор, комисии на училиштето и сл. Училиштето соработува со родителите на учениците низ разни форми: редовни родителски средби, индивидуални средби со родителите во приемните термини на наставниците, редовен пристап во Е дневник и сл. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Соработката со заедницата е на завидно ниво. Нашето училиште е насочено кон вклучување на органите на локалната самоуправа, семејствата и на претставници од бизнис заедницата во процесот на настава, поттикнувајќи го на тој начин развојот на партнерство со заедницата, играјќи ја улогата на директен посредник во тој процес. Училиштето создава услови, органите на локалната самоуправа, јавните институции и приватниот сектор, поединците и групите од локалната заедница да бидат дел од процесот на образование. Во соработка со Општината се организираат хуманитарни акции, хуманитарни акции кои се спроведуваат преку Црвениот крст, Форум во заедницата - Општина Центар за ментално здравје и психосоцијална состојба и развој кај децата и адолесцентите, Меморандуми за соработка со факултетот за музичка уметност, Филолошки факултет - Катедра по германски јазик, Филозофски факултет – Институт за Психологија и Институт |

| | | |
|---|---|---|
| | | за Педагогија, Американ Колеџ, Турски Културен Центар Јунуз Емре, ОУРЦ Иднина и Златан Сремац, средни училишта, Детска фондација Песталоци, Детски културен центар Карпош, НУБ „Св.Климент Охридски“, Македонска Филхармонија, НОБ, ДМБУЦ ,,Илија Николовкси Луј“, Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“, Фондација „Чекор по чекор“, Здружение Сојуз за грижи и воспитување на децата на град Скопје, Центар за социјална работа, Државен завод за статистика, Здравствен Дом Бит Пазар, БРО, МОН, ДПИ, Музеј на Македонска борба, НУ Археолошки музеј, Музеј на Македонија, Музеј на Холокаустот, Центар за доживотно учење и толеранција, МКЦ, НЛБ Банка, НВО Култиватор, НВО Go Green - Биди Зелен, Македонско здружение на млади правници, Пакомак, издавачки куќи, соработка со кина и театри.<br>Училиштето има професионално претставување преку медиуми, доближувајќи ја на тој начин својата работа и активностите на учениците до локалната заедница. Соработка со повеќе печатени и електронски медиуми: Националната телевизија МРТ, ТВ АЛФА, АРС Ламина, списанијата за деца и млади - Просветно Дело, А.Д. Нова Македонија, МЕТА.mk. и сл. |

| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Документи**<br>Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br>Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во<br>настава, а се со надмината возрасна граница<br>Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение<br>Упатство за одржување училишни објекти<br><br>Правилник за стандардите за исхрана и оброците во основно училиште | Превенција и заштита од насилство | Во училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување на сите структури. Истите се истакнати на видливи места, во ходниците на училиштето како и на веб страната на училиштето. Со нив се опфатени и дефинирани облиците на однесување на учениците, наставниците и родителите. Во училиштето се применуваат механизми за постапување и справување со појавите на насилство. Училиштето го применува Правилникот за изрекување на Педагошки мерки. Во училиштето има пропишан документ-Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Постои и интерен Правилник за видови пофалби, награди и педагошки мерки. Во училиштето се вршат низа активности, едукативни предавања, работилници и проекти за превенција од насилство. Реализирани се следниве активности на ниво на училиште:<br>• Проект ,, Безбедност во училиштата“- ОБСЕ и МВР<br>• Работилници и летен камп од Центарот за доживотно учење и толеранција<br>• Крени глас – Макпетрол<br>• Обука за наставници на тема „Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување“.<br>• Теми поврзани со булинг на училишен парламент |

| | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци**<br>➢ Кодекс на однесување;<br>➢ Куќен ред на училиштето;<br>➢набљудување на условите во училиштето;<br>➢протокол за превенција и заштита од насилство;<br>➢анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците;<br>➢педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>➢записници од советувања;<br>➢извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>➢записници од советот на родители и родителски средби;<br>➢анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници;<br>➢педагошка евиденција и документацијата;<br>➢организирани работилници, дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.;<br>➢записници од спроведените активности за професионална ориентација. | | Најголем број од анкетираните страни го чувствуваат училиштето за безбедна средина, знаат да препознаат, постапат, заштитат и спречат појава на врсничко насилство. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана за пушење. Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства и континуирано се одржуваат предавања со различни целни групи. Темата беше обработена на училишниот парламент со работилници и предавања. Реализиран е и проектот ,, Безбедност во училиштата“ на којшто претставници на МВР одржаа предавање на тема ,,Зависности од дрога алкохол и коцка“. Волонтерите на Црвен крст реализираа неколку активности за Едукација за зависност од цигари и алкохол со учениците од осмо и деветто одделение. Исто така при реализација на часовите се зборува за опасностите и заштитата од пушење, алкохол и дрога. Најголем број од анкетираните наставници во однос на оваа тема се согласуваат дека во училиштето се преземаат мерки за превенција од алкохол, пушење и дрога, додека само мал број од родителите не се согласуваат со ова тврдење. На анкетата за учениците за учество во работилници за заштита од пушење, алкохол и дрога, најголем број од учениците се согласуваат, а незначителен број не се согласуваат и немаат никакви информации со ова тврдење во спроведената анкета. Ваквиот исход по ова тврдење може да се должи на возраста на учениците. Треба да се земе предвид дека вакви работилници се организираат и спроведуваат со ученици од предметна настава и дека во оваа анкета учествуваа ученици и родители не само од предметна, туку и од одделенска настава. |
| | Квалитет на достапна храна | Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Учениците од одделенска настава имаат организирана исхрана (истата им е понудена и на ученици од предметна настава), притоа водејќи сметка за стандардите и нормативите за исхрана за оваа категорија на деца. Послужувањето на топлите оброци се реализира во училишната трпезарија, по одделенија во даден временски период. Оброците се подготвуваат според стандардизирано мени од агенција за здрава храна на РСМ во соработка со Советот на родители. Редовно се проверува квалитетот на храната од релевантни институции и родители, претставници во Совет на родители. Едукација за здрава исхрана се врши и од класните раководители преку часовите за одделенска заедница, со соработка на стручни лица во вид на предавања и работилници. Најголем број од анкетираните се согласуваат дека во училиштето се води грижа за квалитетот на храната на учениците. |
| ➢План за евакуација и акционен | Хигиена и заштита од болести | Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Се оддржува со задолжен технички персонал, но вклучени се и сите вработени, а особено |

| | | |
|---|---|---|
| план;<br>➢Сертификати за обучен наставен кадар за укажување прва помош;<br>➢Осигурителни полиси;<br>➢Документ за извршена набавка на ПП апарати;<br>➢Документ за громобранова инсталација;<br>Документ за извршена набавка на хидрантни уреди; | | одделенските раководители преку развивање правилен однос кон хигиената со учениците преку надзор на извршување на дадените задачи како што се оддржување на училници, ходници и училиштен двор. Тоа се постигнува со реализација на вонаставни активности преку еко акции, предавања, работилници и сл., со што се поттикнува свеста меѓу учениците за одржување на хигиената. Во училиштето функционира Еко патрола која секојдневно ги посетува сите училници, ја проверува хигиената и економична употреба на електричната енергија. Голем дел од тоалетите за учениците и наставниците се реновирани. Секојдневно се чистат и хигиената во истите е задоволителна. Преку истакнати постери со сликовити пораки пред тоалетите, училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите. Училиштето двапати годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Со реализација на Еко програми се засадуваат садници со што се збогатува хортикултурното уредување. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Грижата за здравјето на учениците е внимателно планирана и опфатена во Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето е вклучено во едукативна програма на Стоматолошки факултет кој води кампања ,,Здрави заби на децата". Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи и имунизација на учениците во соработка со Поликлиника Бит Пазар. Се вршат редовни систематски и санитари прегледи на вработените во училиштето во избрани Здравствени установи. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање прва помош. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Во училиштето има три хидранти кои се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Има вкупно 20 ПП апарати кои се распоредени по катови и редовно се сервисираат во законски рок. Поголем дел од вработените во училиштето се обучени за ракување со противпожарен апарат. Поголемиот дел од наставниците се обучени за давање прва помош преку обуки реализирани од страна на стручен тим на Црвен крст. Исто така, за време на состаноците на Подмладокот на Црвен крст одговорните ученици се обучуваат за давање на прва помош. За безбедноста на учениците во училиштето е поставен 24 часовен видео надзор и обезбедено вработен од компанија за обезбедување. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место. Училиштето изготви план за евакуација при дојава за бомба во училиштето. Учениците и наставниците се осигурани преку осигурителна компанија УНИКА, а училишниот имот преку осигурителната компанија ХАЛК осигурување. Поголем број од наставниците, учениците и родителите се изјаснија дека се чувствуваат безбедно во училиштето и училиштето го чувствуваат како безбедна средина. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени | Во училиштето постои процедура за препознавање на ученици од социјално загрозени семејства. Според оваа процедура училиштето ги идентификува и |

| | | |
|---|---|---|
| | семејства | обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. За учениците кои доаѓаат од вакви семејства редовно се организираат хуманитарни акции од различен карактер. Во соработка со Црвен крст во училиштето се реализираат хуманитарни акции, а исто така се реализираат и доброволни активности. Во соработка со доставувачот на училишна исхрана, училиштето обезбедува бесплатен топол оброк за дел од учениците кои се социјално загрозени. Во соработка со културните установи, за овие ученици организираме бесплатно следење на културни настани. Училиштето прави напори да им помогне на учениците во соработка со ЈУ Центар за социјални работи - Скопје, Црвен Крст на РСМ, Општина Центар, фирми од локалната заедница, хуманитарни и други организации. Општина Центар доделува стипендија на ученик од семејство од социјален ризик. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Според интерен План за поддршка на учениците кои подолго време отсуствуваат од настава, процедурите се спроведуваат во пракса за сите ученици кои имаат таков третман. Училиштето соработува со родителите, здравствените установи и центри за социјална работа. Одделенскиот т.е. класниот раководител континуирано соработува со стручната служба и останатите ученици за давање поддршка и соработка со ученикот со здравствени проблеми со цел полесно надминување на истиот и побрзо враќање во тековниот наставен процес.<br>Училиштето е вклучено во Проект „Исправи се“ во соработка со Општината, со цел дијагностички и превентивен скрининг преглед на `рбетниот столб и долните екстремитети на учениците од прво одделение од страна на лекарски тим од областа на ортопедијата. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Училиштето се грижи за ученици со социо- емоционални потешкотии, без оглед на изворот (семејни проблеми, насилство, негрижа и слично). Идентификацијата на учениците со социо-емоционални и други потешкотии ја вршат наставниците и стручната служба. Училиштето има пропишана програма и план на активности за работа на ученици со социо- емоционални потешкотии во развојот. Педагогот, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор во своите годишни програми имаат испланирано активности за работа со сите ученици со потешкотии и пречки во развојот, како и програма план на активности за идентификување и грижа за ученици со социо- емоционални и други потешкотии. Стручната служба и наставниците превземаат соодветни активности и разговори и ги упатуваат учениците и нивните родители до релевантни институции. Училиштето има постојана соработка со јавните здравствени установи, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Скопје, Министерство за внатрешни работи и Полициска станица Центар. Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење и подобрување на |

| | | |
|---|---|---|
| | | менталното здравје на учениците. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето континуирано во текот на целото основно образование планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Училиштето соработува со компаниите од локалната заедница и со родителите, организира посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси. Професионалната ориентација започнува уште од прво одделение и се реализира до деветто одделение. Програмата за професионална ориентација има за цел да им помогне на учениците и нивните родители / старатели при изборот на средното училиште согласно со способностите, особеностите и афинитетите на учениците.<br>Учениците уште од најмала возраст преку содржините од предметите кои ги изучуваат се запознаваат со одредени професии и можностите кои ги нудат истите. Се покануваат родители професионалци од различни области кои ги споделуваат своите кариерни патишта, секојдневни задачи и совети за успех во нивните полиња. Се реализираат посети на институции, претпријатија, организации и сл.<br>Педагошко психолошката служба реализира работилници кои поттикнуваат учениците да ги спознаат своите лични афинитети и капацитети, да градат реалина слика за себе, да се оспособат за самопроценка и унапредување на капацитетите за личен раст и развој. Се задаваат прашалници и тестови кои имаат за цел учениците да ги откријат сопствените можности,<br>интереси и способности.<br>За да се обезбеди целосна слика за можностите по завршување на основното образование за учениците од деветто одделение се организираат презентации, посети и средби со претставници од различни средни училишта. Поголем број од анкетираните родители/старатели се согласуваат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците, незначителен број не се согласуваат и незначителен број не знаат/немаат информација |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

**Многу добро:**

Училиштето во локалната средина е препознатливо како најстаро училиште во нашата држава кое промовира квалитетна работата, одлични постигнувањата на учениците, дисциплина и редовност. Училиштето реализира специфични воннаставни активности, наставниците и учениците се вклучени во проекти од Еразмус+ програмата, проекти во соработка со локалната средина, учество во разни хуманитарни акции кои имаат за цел подигнување на општествената свест за хуманост и поддршка.

Успешната работа на нашето училиште се темели врз почитување на Кодексот на однесување во кој се содржани принципите, правилата и обврските на однесување на сите структури во училиштето. Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и подеднаква вклученост во активностите во училиштето. Меѓу вработените во училиштето постои професионална соработка. Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. Учениците сакаат да одат во училиште и знаат дека слободно може да им се обратат на своите наставници за помош и поддршка кога се соочуваат со проблеми и потешкотии.

За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба, почитувајќи го Куќниот ред на училиштето. Работната атмосфера е присутна за време на наставата и воннаставните активности. За учениците со несоодветно однесување и оние кои не го почитуваат училишниот куќен ред, одделенскиот раководител, како и Одделенскиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки, според Правилникот за педагошки мерки на нашето училиште. Вработените одговорно се грижат за приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно со проширената програма на училиштето.

Ученичкиот парламент покренува иницијативи и активно учествува во спроведување на активностите за подобрување на работата во училиштето. По иницијатива на Ученичкиот парламент се реализираат повеќе активности кои се од интерес на учениците. Учениците членови на Ученичкиот парламент се поканувaат и присуствуваат на состаноци на Училишен одбор, Совет на родители и Наставнички совет. Сите ученици без разлика на полот, етничка припадност, социјално потекло и нивните способности уживаат еднакви права и сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици. Училиштето води политика за промовирање на културната и верската разновидност во училиштето и пошироко.

Сите ученици, без оглед на својата национална припадност, подеднакво учествуваат во наставните и воннаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини. Правата на децата се загарантирани и се почитуваат од страна на Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето.

Соработката со заедницата е на завидно ниво. Нашето училиште е насочено кон вклучување на органите на локалната самоуправа, семејствата и на претставници од бизнис заедницата во процесот на настава, поттикнувајќи го на тој начин развојот на партнерство со заедницата. Училиштето има професионално претставување преку медиуми, доближувајќи ја на тој начин својата работа и активностите на учениците до локалната заедница.

Во училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување на сите структури. Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Во училиштето се применуваат механизми за постапување и справување со појавите на насилство. Училиштето го применува Правилникот за изрекување на Педагошки мерки.

Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства и континуирано се одржуваат предавања со различни целни групи. На видни места има истакнато знаци за забрана од пушење изработени од учениците.

Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето, оброците се подготвуваат според

| |
|---|
| стандардизирано мени од Агенција за здрава храна на РСМ во соработка со Советот на родители. Редовно се проверува квалитетот на храната од релевантни институции и од страна на родителите-претставници од Совет на родители.<br>Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Во училиштето функционира Еко патрола која секојдневно ја проверува хигиената во сите училници.<br>Поголем дел од вработените во училиштето се обучени за ракување со противпожарен апарат. Поголемиот дел од наставниците се обучени за давање прва помош, преку обуки реализирани од страна на стручен тим на Црвен крст. За безбедноста на учениците во училиштето е поставен 24 часовен видео надзор, а Општината има обезбедено вработен од компанија за обезбедување. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно место. Училиштето има план за евакуација при дојава за бомба во училиштето.<br>Во училиштето постои процедура за препознавање на ученици од социјално загроезени семејства. Според оваа процедура училиштето ги идентификува овие ученици и обезбедува материјални средства.<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава.<br>Училиштето се грижи за ученици со социо-емоционални потешкотии и спроведува активности за подобрување на социо-емоционалното здравје на учениците.<br>Училиштето континуирано во текот на целото основно образование планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Училиштето соработува со компаниите од локалната заедница и со родителите, организира посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси, со цел учениците од најрана возраст на основното образование да се запознаат со професи, струки и занимања и да се поттикнат за избор на идната професија. |
| Силни страни<br>- Училиштето има одлука за протокол на користење на мобилните телефони, се оставаат во точно определени шкафчиња за секоја паралелка одделно и се предаваат на учениците по завршување на училиштниот ден. Со оваа одлука учениците се пофокусирани на наставата, постигнуваат поголем успех и резултати и ја подобруваат меѓусебната комуникација;<br>- Меѓусебно почитување и разбирање како меѓу наставниците, така и меѓу наставниците, учениците и останатиот персонал;<br>- Во училиштето постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна етничка припадност и социјално потекло;<br>- Училиштето успешно реализира инклузивност на ученици со различно ниво на попреченост;<br>- Училиштето има изготвено процедура за подолго отсуство на учениците од редовната настава;<br>- Односот меѓу учениците и наставниците се базира на взаемно почитување без разлика на пол, етничка и социјална припадност;<br>- Училиштето ги промовира јавно своите постигнувања и активности како преку разни манифестации, така и преку медиумите;<br>- Училиштето според угледот е добро рангирано во локалната средина и пошироко;<br>- Училиштето претставува безбедна и стимулативна средина за учење и работа;<br>- Безбедноста, хигиената и грижата за здравјето на учениците и вработените е на високо ниво;<br>- Училиштето системски го следи почитувањето на кодексот на однесување на учениците и вработените, редовноста, дисциплината и поведението во текот на воспитно – образовниот процес; |
| **Слаби страни** |

| |
|---|
| - Вклучување на родителите/старателите во работилници со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. |
| **Приоритети**<br>**Организирање на работилници за родители за начинот на спроведување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.** |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

| Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢Програма за работа на училишниот одбор;<br>➢деловник за работа на училишниот одбор;<br>➢статут на училиштето;<br>➢записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>➢развојна програма на училиштето;<br>➢програма за работа на директорот;<br>➢програми за професионален развој;<br>➢докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br>➢интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор;<br>➢распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето;<br>➢прашалник за одговорното лице од општината;<br>➢докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека /медиатека. | Управување со училиштето | Врз основа на Законот за основно образование чл.106 став 1 Орган на управување на основното училиште е Училишниот одбор. УО е конституиран во согласност и со Статутот на училиштето донесен на 03.03.2022 год., заведен под деловоден број 01- 65/01. Сепак, иако Законот за основно образование ги дава генералните рамки за избор на членови на УО, во Статутот на училиштето е предвиден дел за регулирање на начинот и постапката за именување на наставници, стручни соработници, воспитувачи и родители/старатели за членови на УО (Член 107 став 4, Службен весник бр. 161 од 5.8.2019). Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа. Со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос, а соработката е на високо ниво. Нема случаи на одложување или неодржување седници поради немање кворум за работа. Сите членови на Училишниот одбор се запознаваат со надлежностите (член 108 од ЗОО) преку прирачници, Законот за основно образование и други подзаконски акти, но не сите имаат завршено обука преку која би ги развиле и подобриле своите компетенции. Членовите на училишниот одбор ги разгледуваат и/или им се презентираат програмските документи на училиштето пред нивно усвојување. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. |
| | Раководење со училиштето | Мисијата и визијата на училиштето се обновени во декември 2021 година. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење го заснова врз тимска работа при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководењето е согласно законските прописи. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи, како на пример Еразмус + партнер училишта и институции од Турција, Данска и Лихтенштајн (job shadowing), нашата Национална агенција (проекти и семинари „Настава по математика – надминување на предизвиците” во Белград, на пример) и со Националната агенција од Норвешка, партнер училиштето за Меѓуетничка интеграција во образованието ООУ „Лирија“ од Скопје, Асоцијација на најдобри наставници EX YU ANN EX YU, Балканска наставничка мрежа, УГ Креатива-Креативно образование, CodeWeek EU, Европска комисија (EUN Partnership) и др. |
| | Управување и раководење со | Директорот прави напори за максимално искористување на располож-ливите ресурси и набавка на нови. Како предизвик го наведува |

| | | |
|---|---|---|
| ➢Процедура за пофалба на наставен кадар<br>➢Распоред за замена на наставници при краткорочно отсуство | ресурсите | оспособувањето на нови простории за изведување на наставата и воннаставните активности за оптимално задоволување на потребите на учениците. Во училиштето се изготвува план и распоред за користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. Училиштето преку Наставничкиот совет планира, а преку Училишниот одбор, Советот на родители и преку сопствената сметка и средства од одобрениот буџет обезбедува потрошен материјал и наставни средства за реализација на наставните и воннаставните активности.<br>Училишната библиотека располага со компјутер, има пристап до интернет, а библиотечната евиденција, се води во согласност со Законот за библиотеките. Сепак изостанува водење електронска евиденција за издадените и вратените книги, која е во процес на подготовка за започнување. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи во согласност со распоредот за работното време на библиотеката.<br>Училишната библиотека располага со лектирни изданија кои го задоволуваат капацитетот за работа, секоја паралелка да работи со различна содржина. Вкупниот број на книги во библиотека изнесува 20347. Од тоа 7402 се лектири, 1495 е стручна литература, 6445 е литература за деца, 4907 литература за возрасни и 98 атласи, енциклопедии и речници. Постои недостиг од учебници кога има бројна разлика во генерациите и заради оштетеност и дотраеност. |
| | Раководење со кадарот | Што се однесува до човечките ресурси, училиштето располага со наставен кадар, кој е соодветен по норматив, квалитетен и компетентен за реализација на сите наставни планови и програми, како и компетентни стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Училиштето е соодветно екипирано и со административен и помошно-технички персонал. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Најголем број од наставниците сметаат дека училиштето ги поттикнува стручно да се усовршуваат. Постои практика за вршење дисеминација на обуки. Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите, образовните реформи и современите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот преку донесена Процедура за пофалба на наставен кадар. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има интерен документ за организација и реализација на приправничкиот стаж и се почитува Правилникот за програмата за полагање на стручниот испит на наставник приправник и стручен соработник-приправник од Министерството за образование и наука. |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат чек-листи како подготовка за успешно следење на наставниот час. Во поглед на унапредување на наставниот процес постојат и иницијативи од долу нагоре. Најчесто се следат и применуваат насоките од БРО и МОН. |

| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢Развојна програма на училиштето;<br>➢годишна програма за работа на училиштето;<br>➢извештај од самоевалуација;<br>➢план за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови;<br>➢анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците;<br>➢записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет;<br>➢интерни акти;<br>➢програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор;<br>➢деловник за работа на училишниот одбор;<br>➢план за професионален развој;<br>➢буџет и финансиски план на училиштето. | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето. |
| | Резултати од развојно планирање | Раководниот орган ги следи и/или делегира следење на акциските планови за реализација на развојната програма.<br>Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставникот-ментор, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот редовно ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.<br>Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Опис/резиме на подрачјето**

Многу добро

Работата на УО е дефинирана со Деловникот за работа и се одржуваат редовни седници. Членовите на УО се запознаени со своите надлежности, но не сите имаат завршено обука за подобрување на компетенциите.

Мисијата на училиштето е да се стреми кон развивање на социјален, интелектуален и академски прогрес на учениците. Ние обезбедуваме подеднаков напредок на учениците преку развивање на нивните вештини, таленти и потреби. Светот го замислуваме глобално и отворено место, исполнето со почит и разбирање.

Визија на училиштето е да ги инспирира учениците до нивниот максимален потенцијал, воедно да ги мотивира на поттикнување на одговорно однесување и вредна работа. Училиштето ќе поттикнува еднаквост, ќе почитува различност и инклузивност, со верба сите ученици и вработени да создадат стимулативна средина. Веруваме во овие атрибути за да постигнеме единствен профил на ученик.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето, заснована на тимска работа при градење политики и обезбедување квалитет. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи и максимално ги користи расположливите ресурси.

Библиотеката располага со компјутер и интернет, но е во процес на воведување електронска евиденција. Постои недостиг од учебници поради бројна разлика во генерациите и оштетеност.

Училиштето располага со соодветен, квалитетен и компетентен наставен кадар и стручни соработници. Функционираат механизми за замена на наставници при отсуство. Постојат обуки за професионален развој, а директорот ги почитува законските прописи за кариерен развој. Наставниците имаат ажурирани професионални досиеја.

Директорот и стручните соработници континуирано ја следат работата на наставниците, давајќи повратни информации. Постои иницијатива за унапредување на наставниот процес, следејќи ги насоките од БРО и МОН.

Училиштето има пропишани процедури за донесување политики, вклучувајќи ги сите чинители. Развојната програма за 2022-2026 година предвидува стратешки цели за подобрување на материјалните услови, поддршка на надарени ученици и заштита на училиштето како културно наследство. Буџетот се користи за подобрување на квалитетот на наставата и учењето со финансиски план одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

**Заклучок**

Училиштето функционира успешно со јасно дефинирани цели, со организиран и компетентен кадар и изготвени планови за континуиран развој и унапредување на образовниот процес.

**Силни страни**

-Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со другите училишни структури.

- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето.

-При процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет вклучени се сите чинители.

-Училиштето е вклучено во регионални и меѓународни училишни мрежи (Еразмус + партнер училишта и институции од Турција, Данска и Лихтенштајн (job shadowing), нашата Национална агенција (проекти и семинари „Настава по математика — надминување на предизвиците” во Белград, на пример) и со Националната агенција од Норвешка, партнер училиштето за Меѓуетничка интеграција во образованието ООУ „Лирија“ од Скопје, Асоцијација на најдобри наставници EX YU ANN EX YU, Балканска наставничка мрежа, УГ Креатива-Креативно образование, CodeWeek EU, Европска комисија (EUN Partnership) и др.)

| |
|---|
| - Наставниците се вклучени во дополнителни, доброволни обуки и семинари (со самофинансирање) и вршат нивна дисеминација.<br>-Училиштето обезбедува потрошен материјал и наставни средства за реализација на наставните и вонnаставните активности<br>-Училиштето има соодветен, квалитетен и компетентен наставен кадар и стручни соработници<br>-Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови<br>-Раководниот орган работи тимски<br>-Буџетот се користи за равојот на училиштето |
| **Слаби страни**<br><br>- Евиденцијата во училишната библиотека не се води електронски |
| **Приоритети**<br><br>- Водење електронска евиденција во училишната библиотека |

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели |
| Анкета за наставници |
| Анкета за ученици |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |